Месечен е-билтен на Секретаријатот за европски прашања
Влада на Република Македонија
Ноември/Декември 2015

## Регионална конференција на тема: Пристапни реформи за Западен Балкан




Во организација на Секретаријатот за европски прашања, а во соработка со Германското друштво за интернационална соработка - ГИЗ, во рамките на Отворениот регионален фонд  за поддршка на ЕУ интеграции, финансиран од страна на Сојузното министерство за економски развој и соработка, се одржа Регионална конференција  на тема "Пристапни реформи во Западен Балкан" (ПРЗБ).
Воведно обраќање на Конференцијата имаа Вицепремиерот Фатмир Бесими, Шефот на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, Н.Е. Аиво Орав и Заменикот амбасадор на СР.Германија г. Сандер.

На конференцијата учествуваа претставници и тимови на експерти од земјите од регионот, Европската комисија,  ЕУ амбасадорите во земјата, претставници на Министерството за надворешни работи, Националното Собрание и претставници на Секретаријатот за европски прашања.
повеќе

## Одржана регионална конференција "Миграција на балканската рута - донаторска координација и хуманитарни предизвици"

Во организација на Секретаријатот за европски прашања, а во соработка со Регионалниот Совет за соработка - RCC, се одржа Регионална конференција на тема "Миграција на балканската рута - донаторска координација и хуманитарни предизвици". Воведно обраќање на Конференцијата имаа Вицепремиерот г. Фатмир Бесими, Шефот на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, Н.Е. Аиво Орав, Министерот за внатрешни работи г.Оливер Спасовски и Постојаниот координатор на Обединетите Нации, г. Луиза Винтон. Конференцијата имаше за цел да ги здружи заинтересираните страни во насока на зајакнато вмрежување, подобрување на комуникациските канали за миграциските прашања, размена на искуства и најдобри практики меѓу сите релевантни субјекти на национално, регионално и меѓународно ниво со цел придонес во справувањето со мигрантскиот/бегалскиот предизвик. повеќе

### Одржана втора донаторска конференција посветена на бегалско-мигрантскиот предизвик
повеќе

## Започнува програмата на ЕУ за санирање штети од поплавите "Ајде да изградиме повторно и подобро, заедно!"

Потпишавме спогодба за финансирање која претставува прв пакет од 10-те милиони евра од Програмата на ЕУ за санирање штети од поплавите. Овие први 3 милиони евра ќе бидат искористени за реконструкција на уништените патишта во погодените области, со оглед на важноста на транспортната инфраструктура за секојдневниот живот на граѓаните. Но , поддршката од ЕУ не запира овде. Дополнителни 7 милиони евра наскоро ќе бидат обезбедени за надминување на штетите во водостопанската инфраструктура", рече Аиво Орав, Шеф на Делегацијата на ЕУ. повеќе




## Потпишување на договори за соработка помеѓу Секретаријатот за Европски Прашања и Амбасадата на Народна Република Кина

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија Д-р Фатмир Бесими и Амбасадорот на Народна Република Кина Вен Ценшун денес потпишаа два нови договори за економска и техничка соработка, со кои се обезбедуваат неповратни средства за финансирање на проекти од интерес на двете земји.
Во досегашната успешна проектна соработка, реализирани се повеќе проекти во областите образование, обуки/семинари во НР Кина области од интерес за Република Македонија, како и обезбедување на опрема за заштита и спасување. Како последен во низата на успешни проекти ќе се спомене изградбата на ОУ Рајко Жинзифов во општина Кисела Вода.повеќе

## Остварени средби



### Бесими: Комесарот Хан очекува да се држиме до препораките во извештајот на ЕК

Заменик-претседателот на Владата на Република Македонија, Фатмир Бесими, во Брисел имаше средба со еврокомесарот за преговори за проширување Јоханес Хан, кој, според изјавата на вицепремиерот по средбата, му порачал дека за македонската држава е најважно да се држи до препораките што во последниот прогрес-извештај и ги даде Европската комисија.повеќе



### Бесими: Во Бугарија гледаме исклучително важен партнер и пријател

Целосна поддршка за евроатлантскиот пат на Македонија, искажа денеска повторно бугарскиот министер за надворешни работи Даниел Митов по средбата со вицепремиерот за евроинтеграции Фатмир Бесими.
На средбата станало збор за соработката меѓу двете земји во евроинтеграцијата, билатералната и регионалната соработка.повеќе




### Учество на државниот секретар Ана Блажеска на Регионална конференција: "Резултати во користењето претпристапна поддршка на ЕУ - ИПА 2007-2013"

Спроведувањето проекти финансирани од ИПА фондовите на ЕУ придонесува како во постигнувањето на европските стандарди во клучните области на општеството, така и во напредокот на земјите од Западен Балкан кон членството во ЕУ. повеќе

- **Работна посета во Брисел на Државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, Блажеска** повеќе
- **Остварена средба на државниот секретар Блажеска со претставници од**

**Европскиот совет за надворешни работи** [повеќе]

- **Новоназначенот шеф на Мисијата на ОБСЕ на средба со Вицепремиерот Бесими** [повеќе]

## Одржан последниот состанок од оваа година на Националниот инвестициски комитет

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Секретаријатот за европски прашања го одржа вториот и последен состанок за оваа година на Националниот инвестициски комитет (НИК). На состанокот свое обраќање имаа вицепремиерот задолжен за европски прашања г. Фатмир Бесими, вицепремиерот и министер за финансии г. Зоран Ставревски , евроамбасадорот Н.Е. г. Аиво Орав, министерот за транспорт и врски г. Владо Мисајловски. Присутни на состанокот беа амбасадорите на Европската Унија, високи претставници од меѓународните финансиски институции, билатерлните партнери и донаторската заедница со постојана мисија во Република Македонија.[повеќе]

EU talks
Secretariat for European Affairs

## Стратегијата за проширување од Европската комисија, Извештај за напредокот на Република Македонија и разговор околу следните чекори со граѓанските организации

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

По повод објавувањето на Стратегијата за проширување од страна на Европската комисија и Извештајот за напредокот на Република Македонија, во Секретаријатот за европски прашања се одржа дискусија со претставници на граѓанските организации на тема: "Стратегијата за проширување од страна на Европската комисија, Извештајот за напредокот на Република Македонија и разговор околу следните чекори".
Од страна на претставниците на граѓанските организации беше поздравено одржувањето на дискусијата, воедно беа истакнати нивните видувања и ставови во поглед на предизвиците нотирани во Извештајот.
Од страна на Секретаријатот за европски прашања, беше најавено дека во наредниот период ќе продолжат засебни дискусии со граѓанскиот сектор по однос на клучните наоди од Извештајот.[повеќе]

#EUstars

## Дебата на тема "Образованието и младите во нашата земја или странство"

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Секретаријатот за европски прашања ја одржа првата дебата од циклусот "ЕУ Ѕвезди" на тема: "Образованието и младите во нашата земја или странство", на која дебатираа студентите од Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје, во чии простории се оддржа истата. Пред започнување на дебатата, на студентите им се обратија Вицепремиерот Бесими и Проректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа Проф. Андрју Гудспид кои ја истакнаа улогата на дебатите во развојот на демократските општества. повеќе

## Институционални посети за следење на статусот на реализација на Итните реформски приоритети

- **Состанок за реформите во администрацијата и медиумите** повеќе
- **Средба на вицепремиерот Бесими и министерот Спасовски** повеќе
- **Вицепремиерот Бесими во посета на Министерството за правда** повеќе
- **Институционална посета на Секретаријатот за европски прашања во Државната изборна комисија** повеќе
- **Бесими во посета на Антикорупциската комисија** повеќе

## Проекти кофинансирани од ИПА-ППС со Бугарија во општина Гевгелија





### Промовирање на одржлив туризам и заштита на животната средина преку партнерство- "STEP UP"

**Финансиран од**:Европска Унија и национално кофинансирање, ИПА Прекугранична Програма помеѓу Република Бугарија и Република Македонија 2007-2013.
**Цел на проектот**:Цел на овој проект е да се обезбеди балансиран и ефикасен регионален развој на двете партнерски општини преку ефективна заштита и користење на расположливите природни извори и нивната интеграција во регионалниот туристички пакет.
**Вкупна вредност:** 499 873,91 €
**Буџет за партнерот од Република Македонија**:173 839,00 €
**Времетраење**: Април 2013 - Април 2015
**Имплементиран од**: Република Македонија: 1. општина Гевгелија
РепубликаБугарија: 1. општина Разлог

### Заедничка култура, традиции и историја - мост кон нашата европска иднина - CCTH

**Финансиран од**:Европска Унија и национално кофинансирање, ИПА Прекугранична Програма помеѓу Република Бугарија и Република Македонија 2007-2013.
**Цел на проектот:**1. Активна соработка помеѓу Општина Банско и Општина Гевгелија, унапредување на економскиот развој на прекуграничната област со активности од културниот туризам,
2. Реализирање на ефективна прекугранична соработка во областа на културната размена и заеднички активности.
**Вкупна вредност**:298 963,17 €
**Буџет за партнерот од Република Македонија**: 144 462,74 €.
**Времетраење**: Декември 2013 - Декември 2015
**Имплементиран од**: Република Македонија: општина Гевгелија, Република Бугарија општина Банско Бугарија.

## Проекти кофинансирани од ИПА-ППС со Грција Финансирани во општина Гевгелија



### Развој на механизми за одржливо Управувањесо речните сливови како мерка за претпазливост против поројните феномени

**Финансиран од:** Европска Унија и национално
кофинансирање, ИПА Прекугранична Програма
меѓу Грција и Република Македонија 2007-2013
**Цел на проектот:** да се подготват општестевата
да се соочат и подготват за тежината на регионалните прекугранични поројни феномени, преку развивање на механизам за јавна претпазливост
**Вкупна вредност:** 914.883,17 €
**Буџет за партнерите од Република Македонија:** 190.652,00 €
**Времетраење:** 26.06.2013 - 26.10.2014
**Имплементиран од:** Република Македонија: 1. општина Гевгелија Република Грција: 1. Развојна агенција Пела, 2. општина Пела, 3. општина Терми



### Заеднички Активности за Ефикасен Менаџмент со градската вода во прекуграничниот регион / AQUA-M

**Финансиран од**:Европска Унија и национално
кофинансирање, ИПА Прекугранична Програма
меѓу Грција и Република Македонија 2007-2013
**Цел на проектот:**промовирање и заштита на природните ресурси во областа на реката Вардар - Аксиос преку развивање на мрежа за заштита на животна средина во прекуграничната област.
**Вкупна вредност:** 787.413,95€
**Буџет за партнерите од Република Македонија:**342.047,95 €
**Времетраење**:27.05.2015 - 31.07.2016
**Имплементиран од**: Република Македонија: 1. општина Гевгелија
Република Грција: 1. Општина Пеонија
2. Општинското претпријатие за Водовод и канализација на Пеонија

## Вести од ЕУ

- Европскиот парламент го усвои буџетот за 2016 година: Миграција и вработување
- Самитот повторно ги отвори односите помеѓу ЕУ и Турција
- Функционирањето на енергетската унија на добар пат
- Стапуваат во сила нови правила за заштита на жртвите на казнени дела во ЕУ
- Заеднички пристап во управувањето со надворешните граници на Европа
- Усвоен буџетот на ЕУ за 2016 година за хуманитарни цели
- Завршна церемонија на Европската година за развој

## Дали сте знаеле дека...?

- Формирана во 90-тите години, Европол стана полноправна агенција на ЕУ во 2010 година.
- 10 милиони деца се бегалци и се проценува дека 19 милиони деца во светот се раселени од нивната родна земја како резултат на конфликт.
- Според Евростат, околу 26 милиони деца (секое под 18 години), биле изложени на ризик од сиромаштија и социјална исклученост во 2014 година што претставува 27,7% од сите деца во ЕУ
- Германија, Франција, Велика Британија и Италија се земјите во ЕУ кои се најголеми конзументи на органска храна, а Италија, Шпанија и Полска се водечки производители на органска во ЕУ

## Позначајни меѓународни датуми

- 1 декември-Светскиот ден на Сидата
- 3 декември-Меѓународен ден на лицата со хендикеп
- 9 декември-Меѓународен ден за борба против корупцијата
- 10 декември - Меѓународен ден на човекови права
- 20 декември-Меѓународниот ден на човековите солидарност
- 27 јануари-Меѓународен ден за сеќавање на жртвите на холокаустот

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

***Ви благодариме***